Macedonian | Македонски

GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA

Roll up for WA
COVID-19 Vaccination

# Дознајте факти за вакцините




Нормално е да имате прашања за нови нешта. Дознајте што е вистина за вакцините против КОВИД-19, а што не е. Треба заеднички да создадеме доверба во вакцините зашто секое вакцинирано лице нѝ помага да ја надминеме пандемијата.

## ВИСТИНА



### Вакцините се безбедни

Голем број луѓе ширум светот соработуваа на создавањето на вакцини против КОВИД-19, споделувајќи пари и научници за да го постигнат тоа за само неколку месеци, без да се прескокне ниеден чекор. Вакцините беа дозволени во Австралија само откако беа тестирани и беше заклучено дека се безбедни и ефикасни. Квалитетот на сите вакцини продолжува да се тестира и надгледува заради безбедност.



### Вакцините против КОВИД-19 не содржат жив вирус и од нив не може да добиете КОВИД-19

Вакцините се преправаат дека се вистински вирус и го учат вашето тело како да се брани. Тоа ќе спречи навистина да се разболите и да одите во болница или дури да умрете.



### Микрочип не би можел да помине низ игла за вакцинација

Овој мит се засновува на лажно видео што кружи на социјалните медиуми.

## МИТ

- Вакцините против КОВИД-19 беа одобрени премногу брзо за да бидат безбедни.
- Од вакцини против КОВИД-19 може да добиете КОВИД-19.
- Вакцините против КОВИД-19 содржат микрочип преку кој може да ме следат.

# Дознајте факти за вакцините

## ВИСТИНА

**Вакцините се бесплатни за секое лице во Западна Австралија**

Тоа се однесува и на привремените жители, бегалците, доселениците и луѓето без важечка виза.

**Ние ги знаеме сите состојки во вакцините**

Вакцините се состојат главно од вода со сол, шеќер и маснотии. Во вакцините нема графитен оксид, глутен, јајце, жито, отров од пчела, латекс или производи од животинско потекло. Австралискиот Фатва совет ги одобри вакцините како халал.

**Вакцина против КОВИД-19 може да добиете дури и ако немате Medicare**

На терминот за вакцинација ќе треба да го докажете идентитетот, па затоа ве молиме да донесете документ со вашето име како што е возачка дозвола, писмо или сметка.

**Добивањето на вакцина против КОВИД-19 нема да ве магнетизира - никаде по телото**

Вакцините против КОВИД-19 не содржат никакви магнетни состојки што би можеле да го направат тоа. Би ви требало многу метал за да привлечете магнет. На пример, луѓе земаат мултивитамини кои често содржат железо. Тоа не ги магнетизира, бидејќи железото е многу разблажено и се шири низ вашето тело.

**Вакцините против КОВИД-19 не влијаат на плодноста**

Вакцините не влијаат на вашата способност да имате бебе сега или во иднина. Исто така, сесрдно се препорачува трудните жени да примат вакцина против КОВИД-19 за да се заштитат себеси и нивното бебе.

## МИТ

- Добивањето вакцина против КОВИД-19 чини пари.
- Не знаеме што е во тие вакцини.
- За да добиете вакцина против КОВИД-19 треба да имате важечка Medicare картичка.
- Вакцините против КОВИД-19 може да направат магнетна точка на вашата рака.
- Вакцините против КОВИД-19 влијаат на плодноста.

Регистрирајте се и закажете вакцинација против КОВИД-19

rollupforwa.com.au

13COVID (13 26843)

Притиснете * за преведувач